# УПАТСТВО ЗА КРЕИРАЊЕ НА КОРИСНИЧКИ ПРОФИЛ НА ВЕБ ПОРТАЛОТ UNET.COM.MK

## 1. ПРИСТАП ДО СТРАНИЦА ЗА КРЕИРАЊЕ НА КОРИСНИЧКИ ПРОФИЛ

На крајот од главното мени на иконата за корисник се отвара страница на која има два дела од кои еден за најава (за веќе постоечки кориснички профили) и еден за регистрација на нов корисник (слика 1).




*Слика 1. Најава/ Регистрација на корисник*

На страницата за креирање на кориснички профил можат да се регистрираат 2 типа на корисници и тоа физички лица и правни лица (компании, организации и сл).

**Напомена**: Доколку креирате профил за обнова на домен, ве молиме профилот задолжително да го креирате со email адресата со која е претходно регистриран доменот. Проверка може да извршите на WhOis базата на МАРНЕТ (whois.marnet.mk).

## 2. ЗА ФИЗИЧКО ЛИЦЕ

При креирање на кориснички профил за физичко лице потребно е да се избере тип на корисник **„Физичко лице“**. Потоа се внесуваат податоците за најава: **e-mail адреса**, **лозинка** и **потврда на лозинка**. Лозинката треба да биде поголема од 8 карактери, најмалку една голема буква, една мала буква, еден број и еден посебен знак (@$!%*?&).

Во делот **Лични податоци** се внесуваат **име и презиме** и **телефонски број**. Пред завршување на регистрацијата потребно е да се означат полињата за согласност со **политиката за приватност**, **точност на внесените податоци** и **условите за користење**, по што се избира **„Креирај профил“**.




*Слика 2. Креирање на профил за физичко лице*

## 3. ЗА ПРАВНО ЛИЦЕ

При креирање на кориснички профил за правно лице најпрво се избира тип на корисник **„Правно лице“**. Потоа се пополнуваат податоците за компанијата: **назив на компанија**, **целосен назив на компанија**, **даночен број (ЕДБ)**, **улица**, **број**, **град**, **поштенски код**, **контакт телефон** и **име и презиме на одговорното лице**. Во делот **Информации за логирање** се внесуваат **e-mail адреса**, **лозинка** и **потврда на лозинка**. Лозинката треба да биде поголема од 8 карактери, најмалку една голема буква, една мала буква, еден број и еден посебен знак (@$!%*?&).

На крај потребно е да се потврдат задолжителните согласности и да се избере **„Креирај профил“**.




*Слика 3. Креирање на профил за правно лице*